20251092383

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 мај 2025 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.26/25 и 88/25), во член 2 став (2), во табелата, во подмерка 2.6. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ во алинејата 3 зборовите „најмалку 50%“ се заменуваат со зборовите „најмалку 30%“.

Член 2

Во член 4 во точката 1 зборовите „31 мај 2025 година“ се заменуваат со зборовите „31 јули 2025 година“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-4673/15
27 мај 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.